
Бр. 09-1465/6
14.11.2018 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр. 05/02), и член 30 став 1 точка 42 од Статутот на општина Пехчево (Службен гласник на општина Пехчево бр. 06/2016), а во врска со член 23 став 3 од Законот за угостителската дејност (Службен весник на РМ бр. 62/2004, 89/2008, 115/2010, 53/2011, 141/2012, 164/2013, 187/2013, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16 и 71/16), Советот на Општина Пехчево на седницата одржана на 14.11.2018 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за продолжување на работното време на угостителските објекти**

**Член 1**

Со оваа Одлука се продолжува работното време на угостителските објекти во градот Пехчево, за време од 2 часа подолго од работното време на угостителските објекти определено со член 23 од Законот за угостителската дејност.

**Член 2**

Согласно одлуката, работното време на угостителските објекти се продолжува за два часа на ден 09.12.2018 година, односно од 01:00 до 03:00 часот.

**Член 3**

Одлуката да се достави до надлежните инспекциски служби, МВР, градоначалникот и архивата на општина Пехчево.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1454/1
14.11.2018 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Николчо Јовчев с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлуката за разрешување и именување на член на Управен одбор на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА одлуката за разрешување и именување на член на Управен одбор на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево, што советот на општина Пехчево ја донесе на четиринаесетата седница одржана на ден 14.11.2018 година.

Бр. 09-1465/7
14.11.2018 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.05/02), член 17 од Законот за јавните претпријатија (Сл.Весник на Р.М бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 06/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16) и член 30 став 1 точка 26 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 06/2016 - Пречистен текст), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 14.11.2018 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за разрешување и именување на член на Управен одбор на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево**

**Член 1**

Јованчо Секуловски се разрешува од должноста член на Управен одбор на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево поради поднесена оставка.

За нов член на Управен одбор на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево се именува:

1. Киро Јангелов - Пехчево

**Член 2**

Членот на Управен одбор на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево се именува за период од 4 (четири) години со право на повторно именување.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Сл. Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1455/1
14.11.2018 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Николчо Јовчев с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на одлуката за давање на користење недвижна ствар - канцеларија на ул. „Равен„ бр.4Д, КП 260, КО Пехчево, на МТСП - Центар за труд и социјална политика Берово**

СЕ ОБЈАВУВА одлуката за давање на користење недвижна ствар - канцеларија на ул. „Равен„ бр.4Д, КП 260, КО Пехчево, на МТСП - Центар за труд и социјална политика Берово, што советот на општина Пехчево ја донесе на четиринаесетата седница одржана на ден 14.11.2018 година.

Бр. 09-1465/8 Градоначалник на
14.11.2018 год. Општина Пехчево
Пехчево Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.05/02) и член 30 став 1 точка 30 од Статутот на општина Пехчево (Службен гласник на општина Пехчево бр.04/09), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 14.11.2018 година донесе:

**О Д Л У К А**

**за давање на користење недвижна ствар - канцеларија на ул. „Равен„ бр.4Д, КП 260, КО Пехчево, на МТСП – Центар за труд и социјална политика Берово**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево дава на користење недвижна ствар - канцеларија на ул. „Равен„ бр.4Д, КП 260, КО Пехчево, на МТСП – Центар за труд и социјална политика Берово, за реализација на Проект за помош на лица со потреби (аплицирање за права од обласста на социјална заштита).

**Член 2**

Недвижната ствар се дава на користење без надоместок, за период од 3 (три) години, почнувајќи од денот на влегување на сила на оваа одлука.

**Член 3**

Се задолжува МТСП – Центар за труд и социјална политика Берово, да се грижи за одржувањето на истата.

**Член 4**

Доколку во меѓувреме општина Пехчево има приортет од предметната недвижност истата може да ја одземе и пред истекот на периодот за кој е дадена на користење со писмено известување за испразнување на просториите во рок од 10 дена.

**Член 5**

Оваа одлука велгува во сила со денот на објавување во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1456/1 Совет на општина Пехчево
14.11.2018 година Претседател
Пехчево Николчо Јовчев с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на одлуката за усвојување на Одлуката од УО на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево, за утврдување на висината за плаќање на надоместок за доделување на гробно место и надоместок за одржување на гробиштата - гробна такса (гробарина)**

СЕ ОБЈАВУВА одлуката за усвојување на Одлуката од УО на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево, за утврдување на висината за плаќање на надоместок за доделување на гробно место и надоместок за одржување на гробиштата - гробна такса (гробарина), што советот на општина Пехчево ја донесе на четиринаесетата седница одржана на ден 14.11.2018 година.

Бр. 09-1465/9 — Градоначалник на
14.11.2018 год. — Општина Пехчево
Пехчево — Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 4 и член 22 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 30 став 1 точка 25 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 06/2016 - Пречистен текст), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 14.11.2018 година донесе:

**ОДЛУКА**

**за усвојување на Одлуката од УО на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево, за утврдување на висината за плаќање на надоместок за доделување на гробно место и надоместок за одржување на гробиштата - гробна такса (гробарина)**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево ја усвојува Одлуката од УО на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево, за утврдување на висината за плаќање на надоместок за доделување на гробно место и надоместок за одржување на гробиштата - гробна такса (гробарина) бр.02-430/2 од 09.10.2018 година.

**Член 2**

Одлуката од УО на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево, за утврдување на висината за плаќање на надоместок за доделување на гробно место и надоместок за одржување на гробиштата - гробна такса (гробарина) бр.02-430/2 од 09.10.2018 година, е составен дел од оваа одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Сл. Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1457/1 — Совет на општина Пехчево
14.11.2018 година — Претседател
Пехчево — Николчо Јовчев с.р

---

ЈАВНО КОМУНАЛНО
ПРЕТПРИЈАТИЕ
КОМУНАЛЕЦ
бр 02 - 430/2
09.10.2018 год
ПЕХЧЕВО

Врз основа на член 19 од Законот за јавни претпријатија (Службен весник на РМ бр. 38/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18), член 17 став 1 алинеја 9 и алинеја 10, член 19 став 8 од Законот за гробишта и погребални услуги (Службен весник на РМ бр. 86/2008, 156/10, 53/11, 163/13) и член 14 од Статутот на ЈКП "Комуналец" - Пехчево, Управниот одбор на ЈКП "Комуналец" - Пехчево на седницата одржана на ден 09.10.2018 година донесе:

# ОДЛУКА

## за утврдување на висината за плаќање на надоместок за доделување на гробно место и надоместок за одржување на гробиштата гробна такса (гробарина)

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува висината на надоместокот за доделување на гробно место и висината на надоместокот за одржување на гробиштата гробна такса (гробарина) кои ќе ги наплаќа ЈКП "Комуналец" - Пехчево определен како Управител на градски гробишта со Одлука на Советот на општина Пехчево бр. 07 - 16/2 од 14.02.2011 година и тоа:

1. Надоместок за доделување на 1 (едно) гробно место за лицата кои живеат во општина Пехчево . . . . . . . . . . .. . . . . . . . . . . . . . . . . 15.000,00 денари.
2. Надоместок за доделување на 2 (две) гробни места за лицата кои живеат во Општина Пехчево . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 25.000,00 денари
3. Надоместок за доделување на 1 (едно) гробно место за лицата кои потекнуваат од општина Пехчево, а живеат во друга општина или надвор од Република Македонија . . . . . . . . . . . . . . . . 25.000,00 денари.
4. Надоместок за доделување на 2 (две) гробни места за лицата кои потекнуваат од општина Пехчево, а живеат во друга општина или надвор од Република Македонија . . . . . . . . . . . . . . . . 35.000,00 денари.
5. Надоместок за одржување на гробиштата гробна такса (гробарина) . . . . . . . . . . . 70,00 ден./месечно

Член 2

Надоместок за одржување на гробиштата гробна такса (гробарина) ќе се наплаќа преку сметката за останатите комунални услуги, а ќе се книжи одделно.

Член 3

За доделување на употреба на гробно место, Управителот на гробиштата склучува Договор со носителот на гробното место.

Член 4

Одлуката влегува во сила и ќе се применува по дадена согласност од Советот на Општина Пехчево и објавување во Службен гласник на општина Пехчево.

Член 5

Со усвојувањето на оваа Одлука од Советот на општина Пехчево, престанува да важи Одлуката за висината на цената за плаќање на надоместок за одржување на гробишта (гробарина) и висината на цената за доделување гробно место бр. 07 -850/1 од 25.06.2012 година донесена од Советот на општина Пехчево.

Управен одбор
на ЈКП"Комуналец" - Пехчево
Претседател
Ванчо Мустачки

09.10.2018 година
Пехчево

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на одлуката за усвојување на Одлуката од УО на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево, за начинот на обештетување на граѓаните кои плаќале солидарен фонд**

СЕ ОБЈАВУВА одлуката за усвојување на Одлуката од УО на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево, за начинот на обештетување на граѓаните кои плаќале солидарен фонд, што советот на општина Пехчево ја донесе на четиринаесетата седница одржана на ден 14.11.2018 година.

Бр. 09-1465/10
14.11.2018 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 4 и член 22 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 30 став 1 точка 25 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 06/2016 - Пречистен текст), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 14.11.2018 година донесе:

## ОДЛУКА
**за усвојување на Одлуката од УО на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево, за начинот на обештетување на граѓаните кои плаќале солидарен фонд**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево ја усвојува Одлуката од УО на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево, за начинот на обештетување на граѓаните кои плаќале солидарен фонд бр. 02-430/3 од 09.10.2018 година.

**Член 2**

Одлуката од УО на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево, за начинот на обештетување на граѓаните кои плаќале солидарен фонд бр. 02-430/3 од 09.10.2018 година, е составен дел од оваа одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Сл. Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1458/1
14.11.2018 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Николчо Јовчев с.р

---

ЈАВНО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ КОМУНАЛЕЦ
бр 02-430/3
09.10.2018 год
ПЕХЧЕВО

Врз основа на член 14 од Статутот на ЈКП "Комуналец" - Пехчево, Управниот одбор на ЈКП "Комуналец" - Пехчево, на седницата одржана на ден 09.10.2018 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за начинот на обештетување на граѓаните кои плаќале за солидарен погреб**

Член 1

Бидејќи со Законот за гробишта и погребални услуги не е предвиден, регулиран начинот на обештетување на граѓаните кои плаќале за солидарен погреб, со оваа Одлука го определуваме начинот на обештетување.

Член 2

Се задолжува ЈКП "Комуналец" - Пехчево, обврските кои произлегуваат од солидарниот погреб да ги исполни на начин и во постапка како што е опишано во следните подолу наведени точки:

1. Кон граѓаните кои до овој момент ја имаат искористено погребалната услуга (бесплатен погреб и бесплатно гробно место), ЈКП "Комуналец" понатаму нема обврска.

2. Граѓаните кои го немаат искористено правото кое произлегува од солидарен погреб до овој момент, ЈКП "Комуналец" - Пехчево ќе ја **исполни во иднина во оној момент кога ќе има потреба граѓанинот од ваква услуга и ќе биде обештетен на следниов начин:**

**- ЈКП "Комуналец" - Пехчево на странката ќе и обезбеди бесплатно едно гробно место.**

**- На трансакциска сметка која барателот со право на солидарен погреб ја поднесува во ЈКП "Комуналец" - Пехчево ќе бидат исплатени средства во износ од 7.000,00 денари (за погребална опрема - сандак, крст, венец , превоз, ископ на гроб и закоп на покоен).**

Член 3

Одлуката влегува во сила и ќе се применува по дадена согласност од Советот на Општина Пехчево и објавувањето во Службен гласник на општина Пехчево.

09.10.2018 година
Пехчево

Управен одбор
на ЈКП"Комуналец" - Пехчево
Претседател
Ванчо Мустачки

ЈАВНО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ "КОМУНАЛЕЦ" п.о. 2 ОПШТИНА ПЕХЧЕВО

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на одлуката за усвојување на Одлуката од УО на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за определување надоместок за пристап и користење на комуналната инфраструктура на гробиштата од страна на оператор на погребални услуги**

СЕ ОБЈАВУВА одлуката за усвојување на Одлуката од УО на ЈКП ,,Комуналец„ - Пехчево за определување надоместок за пристап и користење на комуналната инфраструктура на гробиштата од страна на оператор на погребални услуги, што советот на општина Пехчево ја донесе на четиринаесетата седница одржана на ден 14.11.2018 година.

Бр. 09-1465/11
14.11.2018 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 4 и член 22 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 30 став 1 точка 25 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 06/2016 - Пречистен текст), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 14.11.2018 година донесе:

**ОДЛУКА**

**за усвојување на Одлуката од УО на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево за определување надоместок за пристап и користење на комуналната инфраструктура на гробиштата од страна на оператор на погребални услуги**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево ја усвојува Одлуката од УО на ЈКП ,,Комуналец„ - Пехчево, за определување надоместок за пристап и користење на комуналната инфраструктура на гробиштата од страна на оператор на погребални услуги бр. 02-430/4 од 09.10.2018 година.

**Член 2**

Одлуката од УО на ЈКП ,,Комуналец„ - Пехчево, за определување надоместок за пристап и користење на комуналната инфраструктура на гробиштата од страна на оператор на погребални услуги бр. 02-430/4 од 09.10.2018 година, е составен дел од оваа одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Сл. Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1459/1
14.11.2018 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Николчо Јовчев с.р

---

ОПШТИНА ПЕХЧЕВО
ЈАВНО КОМУНАЛНО
ПРЕТПРИЈАТИЕ
„КОМУНАЛЕЦ"
бр 02-430/4
09.10.2018 год
ПЕХЧЕВО

Врз основа на член 17 став 1 точка 8, член 18 став 5 од Законот за гробишта и погребални услуги (Службен весник на РМ бр. 86/2008, 156/10, 53/11, 163/13) и член 14 од Статутот на ЈКП "Комуналец" - Пехчево, Управниот одбор на седницата одржана на ден 09.10.2018 година донесе:

**ОДЛУКА**
**За изменување и дополнување на Одлуката за определување надоместок за пристап и користење на комуналната инфраструктура на гробиштата од страна на оператор на погребални услуги**

Член 1

Во Одлуката за определување надоместок за пристап и користење на комуналната инфраструктура на гробиштата од страна на оператор на погребални услуги бр. 07 - 851/1 од 25.06.2012 година донесена од Советот на општина Пехчево членот 2 се менува и гласи:

"Висината на надоместокот изнесува 500,00 денари за еден погреб."

Член 2

Одлуката влегува во сила и ќе се применува по дадена согласност од Советот на Општина Пехчево и објавувањето во Службен гласник на општина Пехчево.

09.10.2018 година
Пехчево

Управен одбор
на ЈКП"Комуналец" - Пехчево
Претседател
Ванчо Мустачки

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на одлуката за усвојување на Одлуката од УО на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за административен надоместок за издавање на одобрение за погреб**

СЕ ОБЈАВУВА одлуката за усвојување на Одлуката од УО на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за административен надоместок за издавање на одобрение за погреб, што советот на општина Пехчево ја донесе на четиринаесетата седница одржана на ден 14.11.2018 година.

Бр. 09-1465/12 — Градоначалник на
14.11.2018 год. — Општина Пехчево
Пехчево — Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 4 и член 22 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 30 став 1 точка 25 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 06/2016 - Пречистен текст), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 14.11.2018 година донесе:

**ОДЛУКА**

**за усвојување на Одлуката од УО на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за административен надоместок за издавање на одобрение за погреб**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево ја усвојува Одлуката од УО на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за административен надоместок за издавање на одобрение за погреб бр. 02-430/5 од 09.10.2018 година.

**Член 2**

Одлуката од УО на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за административен надоместок за издавање на одобрение за погреб бр. 02-430/5 од 09.10.2018 година, е составен дел од оваа одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Сл. Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1460/1 — Совет на општина Пехчево
14.11.2018 година — Претседател
Пехчево — Николчо Јовчев с.р

---

ОПШТИНА ПЕХЧЕВО
ЈАВНО КОМУНАЛНО
ПРЕТПРИЈАТИЕ
КОМУНАЛЕЦ
Бр 02-430/5
09.10.2018 год
ПЕХЧЕВО

Врз основа на член 19 од Законот за јавни претпријатија (Службен весник на РМ бр. 38/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18) и член 14 од Статутот на ЈКП „Комуналец" – Пехчево, Управниот одбор на седницата одржана на ден 09.10.2018 година, донесе

# ОДЛУКА
## За изменување и дополнување на Одлуката за административен надоместок за издавање на одобрение за погреб

Член 1

Во Одлуката за административен надоместок за издавање на одобрение за погреб бр. 07 - 15/2 од 14.02.2011 година донесена од Советот на општина Пехчево членот 2 се менува и гласи:

"Висината на административниот надоместок за издавање на одобрение за погреб изнесува 100,00 денари."

Член 2

Одлуката влегува во сила и ќе се применува по дадена согласност од Советот на општина Пехчево и објавувањето во Службен гласник на општина Пехчево.

09.10.2018 година
Пехчево

Управен одбор
на ЈКП "Комуналец" - Пехчево
Претседател
Ванчо Мустачки

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлуката за престанување со работа и спроведување на ликвидација, промена на назив на фирма, промена на скратен назив на фирма и назначување на ликвидатор на Меѓуопштинско јавно претпријатие за управување со отпад ДЕПОНИЈА ИСТОК - Штип**

СЕ ОБЈАВУВА одлуката за престанување со работа и спроведување на ликвидација, промена на назив на фирма, промена на скратен назив на фирма и назначување на ликвидатор на Меѓуопштинско јавно претпријатие за управување со отпад ДЕПОНИЈА ИСТОК - Штип, што советот на општина Пехчево ја донесе на четиринаесетата седница одржана на ден 14.11.2018 година.

Бр. 09-1465/13
14.11.2018 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на членовите 51, 538 и 539 од Законот за трговските друштва (Службен весник на РМ бр.28/2004; 84/2005; 71/2006; 25/2007; 87/2008; 17/2009; 23/2009; 42/2010; 48/2010; 8/2011; 21/2011; 24/2011; 166/2012; 70/2013; 119/2013; 120/2013; 187/2013; 38/2014; 41/2014; 138/2014; 88/2015; 192/2015; 217/2015; 6/2016; 30/2016; 61/2016; 64/2018; 120/2018), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Р.Македонија бр.05/02), член 30 став 1 точка 42 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 06/2016 - Пречистен текст), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 14.11.2018 година донесе

**ОДЛУКА**
**за престанување со работа и спроведување на ликвидација, промена на назив на фирма, промена на скратен назив на фирма и назначување на ликвидатор на Меѓуопштинско јавно претпријатие за управување со отпад**
**ДЕПОНИЈА ИСТОК – Штип**

Член 1

Со оваа Одлука престанува со работа и се спроведува постапка за ликвидација на Меѓуопштинското јавно претпријатие за управување со отпад ДЕПОНИЈА ИСТОК – Штип, ул. „Ванчо Прке“ бр.119, Штип.

Член 2

Основниот влог во износ од 305.900,00 денари, се враќа на основачите, односно на:

– Општина Чешиново-Облешево, во износ од 12.600,00 денари
– Општина Македонска Каменица, во износ од 14.000,00 денари
– Општина Берово, во износ од 23.500,00 денари
– Општина Пехчево, во износ од 9.300,00 денари
– Општина Кочани, во износ од 64.000,00 денари

– Општина Виница, во износ од  33.500,00 денари
– Општина Штип, во износ од  80.400,00 денари
– Општина Зрновци, во износ од 5.000,00 денари
– Општина Делчево, во износ од 29.500,00 денари
– Општина Пробиштип, во износ од  27.300,00 денари
– Општина Карбинци, во износ од 6.800,00 денари.

Член 3

Се менува називот на фирмата на Меѓуопштинското јавно претпријатие за управување со отпад ДЕПОНИЈА ИСТОК – Штип и гласи: Меѓуопштинското јавно претпријатие за управување со отпад ДЕПОНИЈА ИСТОК – Штип – во ликвидација.

Се менува и скратениот назив на фирмата МЈП ДЕПОНИЈА ИСТОК- Штип и гласи: МЈП ДЕПОНИЈА ИСТОК – Штип – во ликвидација.

Член 4

Дарко Митевски – д-р по менаџмент во образованието, со адреса на живеење на ул. „14 Јуни“ бр. 3 – Македонска Каменица, се разрешува од функцијата овластено лице за застапување до конституирање на МЈП ДЕПОНИЈА ИСТОК – Штип и се именува за ликвидатор на МЈП ДЕПОНИЈА ИСТОК – Штип – во ликвидација.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-1461/1
14.11.2018 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Николчо Јовчев с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлуката за уредување на општински линиски превоз за подрачјето на општина Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА одлуката за уредување на општински линиски превоз за подрачјето на општина Пехчево, што советот на општина Пехчево ја донесе на четиринаесетата седница одржана на ден 14.11.2018 година.

Бр. 09-1465/14
14.11.2018 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 22 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002) а во врска со член 22 став 1 од Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија“ бр. 68/2004; 127/2006; 114/2009; 83/2010; 140/2010; 17/2011; 53/2011; 6/2012; 23/2013; 120/2013; 163/2013; 187/2013; 42/2014; 112/2014; 166/2014; 44/2015; 97/2015; 124/2015; 129/2015; 193/2015; 37/2016; 71/2016;64/2018; 140/2018 и 163/2018), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 14.11.2018 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за уредување на општински линиски превоз**
**за подрачјето на општина Пехчево**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши регулирање на општинскиот линиски превоз на патници на територијата на општина Пехчево.

**Член 2**

Општинскиот линиски превоз на патници може да врши правно или физичко лице(во натамошниот текст:превозник) кое ги исполнува законските услови од овој вид на превоз утврдени со Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија“ бр. 68/2004; 127/2006; 114/2009; 83/2010; 140/2010; 17/2011; 53/2011; 6/2012; 23/2013; 120/2013; 163/2013; 187/2013; 42/2014; 112/2014; 166/2014; 44/2015; 97/2015; 124/2015; 129/2015; 193/2015; 37/2016; 71/2016; 64/2018; 140/2018 и 163/2018).

**Член 3**

Општинскиот линиски превоз на патници се врши врз основа на дозвола за определена линија што ја издава Градоначалникот на општинаПехчево и регистриран возен ред за определена линија.

Превозникот кој има лиценца за вршење на општински линиски превоз на патници може да отпочне со вршење на превоз по добивањето на дозвола и ќе регистрира возен ред за одредена линија кај Градоначалникот на општина Пехчево.

Дозволата и возниот ред се издаваат со рок на важење од 5 (пет) години. За издадената дозвола за вршење на општински линиски превоз, превозникот ќе плаќа надомесаток.

Општинскиот линиски превоз на патници вршат превозници кои ќе добијат лиценца за овој вид на превоз, која ја издава Градоначалникот на општина Пехчево, врз основа на условите пропишани со член 8 од Законот за превоз во патниот сообраќај.

**Член 4**

За вршење на линиски превоз на патници се издава лиценца за општински линиски превоз на образец во формат А-4, со жолта боја, со рок на важење од 4 години, како и извод од лиценца за секое возило одделно.

Дозволата за определена линија се издава на образец во формат А-4 со жолта боја и со рок на важење од 5 години, како и возниот ред кој исто така се издава со рок на важење од 5 години.

Изводите од лиценца за секое возило се издава на име на превозникот на кој гласи лиценцата со истиот рок на важење како и лиценцата и не може да се пренесе на друг превозник.

Формата и содржината на лиценците, изводот од лиценците и дозволата за општински линиски превоз на патници ја пропишува Министерот за транспорт и врски.

**Член 5**

Превозникот кој има лиценца за вршење на овој вид на превоз, дозвола за определена линија и регистриран возен ред за определена линија кај Градоначалникот на општина Пехчево, може да врши општински линиски превоз на патници на територијата на општина Пехчево.

**Член 6**

Линијата е одредена релација и правец на возење од почетната до крајната станица или постојка на која се превезуваат патници во линискиот превоз, а согласно утврден, регистриран и објавен возен ред и цена на превозот.

За вршење на овој вид на превоз, советот на општина Пехчево утврди мрежа на линии и возен ред:

1. **ПЕХЧЕВО-РОБОВО –УМЛЕНА-ЧИФЛИК-ПЕХЧЕВО**
2. **ПЕХЧЕВО-ПАНЧАРЕВО – ЦРНИК-ПЕХЧЕВО**

Локации на автобуски терминали, свртувалишта, стојалишта:
-Автобуска станица –Пехчево
-автобуски станици во населени места

**Член 7**

Постапката за доделување на линии за вршење на општински линиски превоз на патници се спроведува врз основа на оглас распишан од Градоначалникот на општината и тоа еднаш годишно.

За спроведување на постапката Градоначалникот формира Комисија за одобрување на возни редови на нови линии и за промена на возни редови за одобрени линии.

Огласот се објавува на огласната табла на општина Пехчево, на веб страната на општина Пехчево и во едно јавно гласило/медиум.

Во огласот се определува рокот за аплицирање на огласот, кој не треба да биде пократок од 3(три) дена ниту подолг од 8(осум) дена и условите што треба да ги исполнува превозникот за да може да учествува на истиот.

Превозникот може да поднесе барање за одобрување на возен ред за нова линија односно за промена на возен ред за веќе одобрена линија.

Од денот на приемот на Решението за одобрен возен ред, превозникот, најдоцна во рок од 10 работни дена, поднесува барање за издавање на дозвола за одобрениот возен ред.

Кон барањето за издавање на дозвола за одобрен возен ред за општински линиски превоз на патници се приложува следната документација:
-фотокопија од Решение за одобрен возен ред;
-пет примероци од одобрениот возен ред изготвени на пропишан образец;
-доказ за платени административни такси.

Доколку во постапката за одобрување на возен ред поднесат барање два или повеќе превозници со седиште во почетната станица, приоритет има превозникот кој прв аплицирал.

Доколку има барање за промена на веќе одобрен односно регистриран возен ред и барање за нов возен ред, во тој случај приритет има превозникот кој побарал промена на возен ред.

Промената на веќе одобрен односно регистриран возен ред ќе се одземе доколку превозникот не постапи во рокот утврден во овој член.

Промената на веќе одобрен возен ред и возниот ред на кој веќе е извршена промена ќе бидат одземени доколку превозникот не постапи и по 8(осум) дена од приемот на второто известување за дополнување на барањето за издавање на дозвола со потребната документација.

**Член 8**

Важноста на возниот ред и дозволата за вршење на општински линиски превоз на патници се продолжуваат на барање на превозникот кое се поднесува пред истекот на важноста на дозволата и притоа се доставуваат следните документи:
-потребен број на возни редови;
-доказ дека поседува доволен број на возила за одржување на сите претходно одобрени возни редови за кои поседува валидна дозвола за вршење на општински линиски превоз на патници;
-доказ за платени административни такси.

Важноста на возниот ред и дозволата за вршење на линиски превоз на патници нема да се продолжи, доколку превозникот:
-не поднесе барање за продолжување на важноста на возниот ред и дозволата согласнот став 1 од овој член:
-нема важечка лиценца и
-нема доволен број на возила и возачи колку што е потребно за да може да ги одржува сите поаѓања броејќи ги и возилата и возачите кои му се потребни за одржување на линијата за која ја продолжува важноста на дозволата.

Во случајот на став 2 од овој член не се продолжува важноста на возниот ред и дозволата за вршење на општински линиски превоз на патници и истите се бришат од евиденцијата на издадени дозволи за линиски превоз на патници и од евиденцијата на регистрирани возни редови за линиски превоз на патници.

**Член 9**

Одобрениот односно регистрираниот возен ред и издадената дозвола за вршење на општински линиски превоз можат да престанат да важат ако:
-превозникот престанал да ги исполнува условите врз основа на кои се издадени;
-престанала важноста на лиценцата;
-на барање на превозникот и
-превозникот престанал да постои по други посебни прописи.

Во случаите од став 1 на овој член возниот ред и дозволата за вршење на општински линиски превоз на патници се одземаат и се бришат од евиденцијата на издадени дозволи за општински линиски превоз односно од регистарот на издадени дозволи за општински линии.

**Член 10**

Возниот ред на општинска линија ги содржи следните податоци:

-полн назив на домашен превозник;
-назив „Возен ред за општинска линија„
-назив на линијата;
-време на поаѓање, станици, должина на линијата во километри, време на враќање;
-режим на одржување на линијата: секојневно (односно во оредени денови во неделата при што точно се наведуваат деновите во кои се одржува линијата) и
-места за печат и потпис на овластено лице.

Рубриките во образецот се испишани на македонски јазик, а податоците во истиот се впишуваат на македонски јазик.

Возниот ред на општинската линија се издава во образец во формат А4 на хартија во бела боја.

Формата и содржината на образецот на возниот ред за општинска линија е даден во Прилог 1 кој е составен дел на оваа Одлука.

**Член 11**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Пехчево. Со донесувањето на оваа одлука престанува да важи одлуката бр. 08-1295/1, донесена на ден 28.09.2018 година објавена во Сл. Гласник бр. 10/2018.

Бр.08-1462/1
14.11.2018 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Николчо Јовчев с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлуката за утврдување на цените и начинот на бесплатен превоз на ученици во основното и средното образование на подрачјето на општина Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА одлуката за утврдување на цените и начинот на бесплатен превоз на ученици во основното и средното образование на подрачјето на општина Пехчево, што советот на општина Пехчево ја донесе на четиринаесетата седница одржана на ден 14.11.2018 година.

Бр. 09-1465/15
14.11.2018 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.05/2002), член 22-б од Законот за дополнување на Законот за превоз во патниот сообраќај (Службен весник на Република Македонија бр. 68/2004; 127/2006; 114/2009; 83/2010; 140/2010; 17/2011; 53/2011; 6/2012; 23/2013; 120/2013; 163/2013; 187/2013; 42/2014; 112/2014; 166/2014; 44/2015; 97/2015; 124/2015; 129/2015; 193/2015; 37/2016; 71/2016;64/2018; 140/2018 и 163/2018), и член 30 став 1 точка 42 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 06/2016 - Пречистен текст), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 14.11.2018 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за утврдување на цените и начинот на бесплатен превоз на ученици во основното и средното образование на подрачјето на општина Пехчево**

Член 1

Со оваа одлука Советот на општина Пехчево ги утврдува цените и начинот на бесплатен превоз на ученици во основното образование и средното образование на подрачјето на општина Пехчево, каде што има утврден возен ред и превозот се врши од страна на носителите на дозвола за општински линиски превоз.

Член 2

Советот на општина Пехчево ја утврдува цената и начинот на бесплатен превоз на ученици во основното образование на подрачјето на општина Пехчево, каде што има утврден возен ред и превозот се врши од страна на носителите на дозвола за општински линиски превоз на следниот начин:

| ДЕЛ 1 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| Опис Релација | Единица мерка | Количина (ученици) | Единечна (дневна) цена без ДДВ | Вкупна цена без ДДВ (3*4) | ДДВ | Вкупна цена со ДДВ |
| с.Чифлик - Пехчево – с.Чифлик (3км x 2 = 6km вкупно) | Бр. | 1 | 57.2 денари | 57.2 денари | 2.8 денари | 60 денари |

| ДЕЛ 2 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| Опис Релација | Единица мерка | Количина (ученици) | Единечна (дневна) цена без ДДВ | Вкупна цена без ДДВ (3*4) | ДДВ | Вкупна цена со ДДВ |
| с.Умлена – Пехчево - с.Умлена (5км x 2 = 10 km вкупно) | Бр. | 1 | 85,7 денари | 85,7 денари | 4,3 денари | 90 денари |

| ДЕЛ 3 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| Опис Релација | Единица мерка | Количина (ученици) | Единечна (дневна) цена без ДДВ | Вкупна цена без ДДВ (3*4) | ДДВ | Вкупна цена со ДДВ |
| с. Робово - Пехчево - с. Робово (8км x 2 = 16 km вкупно) | Бр. | 1 | 95.3 денари | 95.3 денари | 4,7 денари | 100 денари |

| ДЕЛ 4 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| Опис Релација | Единица мерка | Количина (ученици) | Единечна (дневна) цена без ДДВ | Вкупна цена без ДДВ (3*4) | ДДВ | Вкупна цена со ДДВ |
| с.Негрево- Пехчево- с. Негрево (3км x 2 = 6 km вкупно) | Бр. | 1 | 57.2 денари | 57.2 денари | 2.8 денари | 60 денари |

| ДЕЛ 5 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| Опис Релација | Единица мерка | Количина (ученици) | Единечна (дневна) цена без ДДВ | Вкупна цена без ДДВ (3*4) | ДДВ | Вкупна цена со ДДВ |
| с.Црник - Пехчево - с. Црник (12км x 2 = 24 km вкупно) | Бр. | 1 | 114.3 денари | 114.3 денари | 5.7 денари | 120 денари |

| ДЕЛ 6 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| Опис Релација | Единица мерка | Количина (ученици) | Единечна (дневна) цена без ДДВ | Вкупна цена без ДДВ (3*4) | ДДВ | Вкупна цена со ДДВ |
| с.Панчарево - Пехчево - с. Панчарево (17км x 2 = 34 km вкупно) | Бр. | 1 | 133.4 денари | 133.4 денари | 6.6 денари | 140 денари |

Член 3

Советот на Општина Пехчево ја утврдува цената и начинот на бесплатен превоз на ученици во средното образование на подрачјето на општина Пехчево, каде што има утврден возен ред и превозот се врши од страна на носителите на дозвола за општински линиски превоз на следниот начин:

Член 4

Цената за услугите од член 2 и член 3 на оваа одлука се однесуваат за еден корисник на услуга по релација.

Вкупната цена на услугите ќе биде утврдена од страна на училиштата во зависност од бројот на ученици (корисници) на услугата, за секоја релација посебно.

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на општина Пехчево. Со донесувањето на оваа одлука престанува да важи одлуката бр. 08-1294/1, донесена на ден 28.09.2018 година објавена во Сл. Гласник бр. 10/2018.

Бр.08-1463/1
14.11.2018 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Николчо Јовчев с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.5/2002) и член 50 став 1 алинеа 10 од Статутот на општина Пехчево (Сл.гласник на општина Пехчево бр. 06/2016, а во врска со член 24-а став 2 од Законот за јавните претпријатија (Службен весник на Република Македонија бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 06/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПЕХЧЕВО
Бр. 09-1418/1
05.11.2018 год.
ПЕХЧЕВО

## ОДЛУКА
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТ
## ДИРЕКТОР НА ЈКП „КОМУНАЛЕЦ„ - ПЕХЧЕВО

**Член 1**

Билјана Аспровска од с.Чифлик - Пехчево, се разрешува од функцијата Директор на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево.

**Член 2**

Со донесувањето на оваа одлука престанува да важи решението бр.09-666/9 од 04.07.2017 година.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Пехчево.

Општина Пехчево
Градоначалник
Драган Тренчовски

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.5/2002), член 24-а став 3 од Законот за јавните претпријатија (Сл.Весник на Р.М. бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 06/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16), член 50 став 1 алинеја 10 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 06/2016 - Пречистен текст), градоначалникот на општина Пехчево донесе:

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПЕХЧЕВО
Бр. 09-1419/1
05. 11. 2018г. год.
ПЕХЧЕВО

# РЕШЕНИЕ

## За именување на вршител на должност директор на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево

**Член 1**

За вршител на должноста директор на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево се именува Горан Ајтарски, ЕМБГ [redacted] од Пехчево.

**Член 2**

Вршителот на должноста директор се именува од 05.11.2018 година до избор на нов Директор на претпријатието, но не подолго од 6 месеци.

**Член 3**

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Пехчево.

Општина Пехчево
Градоначалник
Драган Тренчовски

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ПЕХЧЕВО
ОПШТИНА ПЕХЧЕВО

Доставено до:
- Архива на општина Пехчево
- Архива на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево
- Именуваниот

**С О Д Р Ж И Н А:**


1. Одлука за констатирање престанок на мандат на член на совет на општина Пехчево _______ 3;
2. Одлука за усвојување на квартален извештај за извршување на буџетот на општина Пехчево за период од 01.01.2018 година до 30.09.2018 година ________________________________________ 4;
3. Одлука за усвојување Ребаланс на Буџетот на општина Пехчево за 2018 година __________ 12;
4. Одлука за давање согласност за Програма за екскурзија за ученици од 3, 6 и 9 одделение во ООУ ,,Ванчо Китанов,, - Пехчево за учебната 2018/2019 год. ____________________________ 17;
5. Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти ________________ 30;
6. Одлука за разрешување и именување на член на Управен одбор на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево __________________________________________________________________________ 31;
7. Одлука за давање на користење недвижна ствар - канцеларија на ул. ,,Равен,, бр.4Д, КП 260, КО Пехчево, на МТСП - Центар за труд и социјална политика Берово __________________ 32;
8. Одлука за усвојување на Одлуката од УО на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево, за утврдување на висината за плаќање на надоместок за доделување на гробно место и надоместок за одржување на гробиштата - гробна такса (гробарина) __________________________________________ 33;
9. Одлука за усвојување на Одлуката од УО на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево, за начинот на обештетување на граѓаните кои плаќале солидарен фонд ________________________________ 36;
10. Одлука за усвојување на Одлуката од УО на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за определување надоместок за пристап и користење на комуналната инфраструктура на гробиштата од страна на оператор на погребални услуги _____________________________________________________ 38;
11. Одлука за усвојување на Одлуката од УО на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево за административен надоместок за издавање на одобрение за погреб ________________________________________ 40;
12. Одлука за престанување со работа и спроведување на ликвидација, промена на назив на фирма, промена на скратен назив на фирма и назначување на ликвидатор на Меѓуопштинско јавно претпријатие за управување со отпад ДЕПОНИЈА ИСТОК – Штип _____________________ 42;
13. Одлука за уредување на општински линиски превоз за подрачјето на општина Пехчево ___ 44;
14. Одлука за утврдување на цените и начинот на бесплатен превоз на ученици во основното и средното образование на подрачјето на општина Пехчево ______________________________ 48;
15. Одлука за разрешување од должност Директор на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево __________ 52;
16. Решение за именување на ВД Директор на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево _________________ 53;